Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеи 1 и 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-5529/7 од 25.12.2025 година, директорот на Агенцијата, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-5636/1
26.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година[1]

## I. Вовед

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност заради што постојано се вложуваат напори за подигнување на свеста за корупција и за нејзино влијание врз општеството/граѓаните. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување. Со оглед на претходно наведеното, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) не се толерира коруптивно однесување или било каква форма на неетичко и неморално однесување. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни нормативните решенија, ефикасна примена на законите, институционалната рамка, личниот капацитет и интегритет, како и соработка меѓу институциите во земјата и зајакнување на меѓународна соработка.

Агенцијата, со цел првенствено да дејствува превентивно во смисла на спречување на корупцијата, постапувајќи по задолжение во Извадокот од Нацрт – Записникот од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2021 г., точка 25, наш арх.бр.03-1416/1 од 31.03.2021 г., започнувајќи од 2021 година, Агенцијата секоја година носи Годишен план за спречување на корупција (ГПСК)[2] на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие планови се објавени на веб страница на Агенцијата.

---

[1] Документот претставува изјава за посветеноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во градењето отпорност од корупција и активностите кои ќе бидат преземени за спречување корупција во 2026 година

[2] ГПСК на Агенцијата за 2021 г. (арх.бр.01-1989/1 од 19.05.2021 г.), ГПСК на Агенцијата за 2022 г. (арх.бр.01-596/1 од 10.02.2022 г.), ГПСП на Агенцијата за 2023 г. (арх.бр.03-4724/1 од 22.12.2022 г.), ГПСК на Агенцијата за 2024 г. (арх.бр.03-4731/1 од 22.12.2023 г.) и ГПСК на Агенцијата за 2025 г. (арх.бр.01-5304/1 од 26.12.2024 г.)

Исто така, Агенцијата има назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи, донесено Стратегија за управување со ризици, како и назначено одговорни лица кои ги следат и управуваат со истите; пропишала работни позиции во кои е утврдено постапување по Законот за претставки и предлози, како и постапување по одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, работна позиција Раководител на Служба за внатрешна ревизија кој врши работи и задачи во врска со спроведувањето на внатрешната ревизија на работењето на Агенцијата, и има назначено лице за интегритет и негов заменик.

## II. Цел на Годишниот план за спречување на корупција за 2026 година

Целта на Годишниот план за спречување на корупција за 2026 година, е да се продолжи со преземање мерки и активности за спречување на корупцијата, преку кои Агенцијата ја демонстрира својата волја за борба против корупцијата на начин што обезбедува членовите на Советот на Агенцијата, директорот, заменик на директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата при спроведувањето на надлежностите детерминирани со законите и извршувањето на своите работни обврски, да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да:

- не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси;
- не ги злоупотребуваат овластувањата;
- го унапредуваат процесот на законитост во работењето;
- рационално ги користат средствата предвидени во финансискиот план одобрен од Советот на Агенцијата;
- обезбедуваат транспарентност и отчетност во работењето на Агенцијата;
- ја почитуваат финансиската дисциплина;
- задолжително да пријават коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица вработени во Агенцијата.

## III. Мерки и активности

Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици/назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување и финансиски импликации за реализација на активностите со цел имплементација на мерките.

Активностите предвидени во Планот се резултат не само на процената на изложеноста на Агенцијата на ризиците за појава и развој на корупција, изложеноста на етички и професионално неприфатливи постапки, туку се дијагностицирани и селектирани приоритетните области кои би можеле да генерираат потенцијален ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно спречување.

Планот е конципиран на начин што обработува сегменти од следниве области:

1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките;
2. Постапување по пријави на укажувачи;
3. Постапки за пристап до информации од јавен карактер;
4. Планирање и управување со финансии;
5. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените; и
6. Спроведување надзор.

## IV. Резиме од спроведените активности и мерки од Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година

На 26.12.2024 година, Агенцијата го донесе Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, кој содржеше 6 (шест) области и тоа: Област: 1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките, Област: 2. Постапување по пријави на укажувачи, Област: 3. Постапки за пристап до информации од јавен карактер, Област 4: Планирање и управување со финансии, Област: 5. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените и Област: 6. Спроведување надзор.

При тоа, од овој план произлегоа следните клучни резултати по области:

| Област: 1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките |
|---|

➢ *<u>Подобласт: 1.1. Несоодветно планирање на буџетот/Планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки</u>*

✓ Јавните набавки беа соодветно планирани на начин што од страна на сите организациони единици во Агенцијата беа доставени предлози за потреби од јавни набавки при подготовка на Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во текот на годината, се изврши едно изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки, по што се изврши редоследно усогласување на новите со постојните ставки и се изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

✓ Имајќи ги предвид пазарните услови, беше извршена реална проценка на вредноста на постапките за јавни набавки кои беа планирани да се спроведат во 2025 година, со пресметување на вкупниот износ за реализирање на секоја предвидена постапка, при што сите спроведени постапки за јавни набавки (31), беа спроведени со проценета вредност наведена во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година;

✓ На веб страната на Агенцијата (www.avmu.mk) континуирано беа објавувани сите постапки за јавни набавки кои се во тек, поништените постапки,

завршените постапки за јавни набавки и известувањата за склучените договори за јавни набавки со економските оператори;

- ✓ Во февруари 2025 година беше извршена измена на ИСО процедурата за спроведување на постапки за јавни набавки согласно Извештајот од проверката бр.03-53-Р1-09/2024 од 26.09.2024 година;
- ✓ Во март 2025 година беше реализиран договорот во врска со активностите (барањата) на независната ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата, при што во ревизорскиот извештај не беше утврден наод;
- ✓ Во периодот од 10 до 30 декември 2025 година, Службата за внатрешна ревизија ќе спроведе ревизија врз процесот на спроведување на договорите за јавни набавки во Агенцијата во период од 01.01 до 30.09.2025 година. Ревизијата започна на 10 декември 2025 година, а конечниот ревизорски извештај ќе се изготви најдоцна до 30 јануари 2026 г.

➢ *<u>Подобласт: 1.2. Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки</u>*

- ✓ Во ноември 2025 година, вработени лица од Агенцијата во стручната служба кои се активно инволвирани во постапките за јавни набавки, присуствуваа на тридневна работилница на тема: "Јавни набавки и финансии: Намалување на ризиците од жалби, управување на договорите за ЈН, поврзаност на планот за ЈН со финансискиот план и подобрување на квалитетот на жалбите";
- ✓ На 19 декември 2025 година беше организирана обука на вработените лица кои се вклучени во изработката на техничките спецификации и кои ја следат реализацијата на склучените договори за јавни набавки од надлежност на нивните сектори, согласно Распоредот за јавни набавки.
- ✓ Во текот на 2025 година, до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата не се пријавени обиди за влијание врз лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на јавните набавки, како и врз членовите на комисиите за јавни набавки;
- ✓ Назначените членови на комисиите за јавни набавки и директорот, даваа изјави за непостоење судир на интереси и во текот на постапките за јавните набавки се придржуваа кон Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

| Област: 2. Постапување по пријави на укажувачи |
|---|

- Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, беа изработени Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за втората половина на 2024 година (периодот од 01.07.2024 г. до 31.12.2024 г.), арх.бр.03-94/1 од 9.1.2025 г. и Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за првата половина на 2025 година (периодот од 01.01.2025 г. до 30.06.2025 г.), арх.бр.03-3469/1 од 13.08.2025 г. и истите беа доставени до Државната комисија за спречување на корупција. На веб страната на Агенцијата, во функција е посебен дел со насоки за прием на

пријави од укажувачи, со цел обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи.
- Во втората половина од 2024/првата половина од 2025 г. до Агенцијата не е поднесена ниту една пријава од укажувачи.

| Област: 3. Постапки за пристап до информации од јавен карактер |
|---|

- На веб страната на Агенцијата, во посебен банер „Информации од јавен карактер“, со цел поактивна соработка со граѓаните и граѓанскиот сектор, објавени се сите информации наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно објавени се две барања за информации од јавен карактер, допис за препраќање на едно од барањата за пристап до информации од јавен карактер до Државна изборна комисија, Известување до подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер и Решение со кое се овозможи целосен пристап до бараните информации;
- Во текот на 2025 година, Агенцијата навремено и континуирано, во законски утврдениот рок одговараше на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер;
- Со цел да им се овозможи и поедностави на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата на веб страната има објавено образец – Барање за пристап до информации од јавен карактер;
- Во 2025 година, во посебниот дел на веб страницата предвиден за „Превенција од корупција“, беше објавен Годишниот план за спречување корупција на Агенцијата за 2025 година со цел да се обезбеди транспарентност и достапност до релевантни информации за јавноста.

| Област: 4. Планирање и управување со финансии |
|---|

- ✓ На веб страната на Агенцијата во декември 2024 година беше објавен Финансискиот план на Агенцијата, а неговите четири измени беа објавени во текот на 2025 година;
- ✓ На веб страната на Агенцијата, во март 2025 г. беше објавен Годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2024 година;
- ✓ Сите организациони единици во Агенцијата на крајот на октомври 2025 година, а заради подготовка на Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, учествуваа во планирањето на годишниот буџет за 2026 година, на начин што согласно своите реални потреби до Секторот за финансии и логистика доставија свои предлози за средствата кои ќе им бидат потребни за непречена реализација на своите активности во текот на 2026 година;
- ✓ Советот на Агенцијата на 18-та седница која ја одржа на 17.11.2025 година, отвори јавна расправа за текстот на Нацрт – Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 г., која траеше до 17.12.2025 година. По завршување на јавната расправа, од страна на Советот

на Агенцијата, ќе се донесе Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Област: 5. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените

- ✓ Во текот на 2025 година, членовите на Советот и ново вработените лица во Стручната служба на Агенцијата потпишаа Изјава за прифаќање и примена на Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со што се обезбедува нивно запознавање и усогласување со етичките принципи на Агенцијата;
- ✓ На веб-страницата на Агенцијата, во делот „Вработување" објавени се два јавни конкурси и тоа: јавен конкурс за вработување на два извршители во Стручната служба на Агенцијата и јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата.

Област: 6. Спроведување надзор

- ✓ При вршењето на стручен, административен и програмски надзор и изрекувањето мерки во 2025 година, беше покажано високо ниво на отпорност кон корупцијата, како резултат на доследното придржување до ИСО процедурата за вршење надзор;
- ✓ Во септември 2025 година, Советот на Агенцијата усвои Упатство (бр. 01-4093/1) за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка со што беше извршено усогласување на овој подзаконски акт со измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми. На ваков начин беше обезбедена одговорност и доследност во постапувањето при давањето предлози за изрекување мерки врз основа на извршени надзори. При предлагањето на мерки за констатирани прекршувања доследно беше почитувано Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка;
- ✓ Одговорно и доследно беше постапувано при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, записниците од стручен надзор, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови;
- ✓ Надзорите беа спроведени со динамиката определена согласно годишните планови за програмски и административен надзор за 2025 година, објавени на веб страницата на Агенцијата;
- ✓ Беше забележан обид за притисок при вршење надзор од страна на надворешен извор. Имено национална телевизија се обиде да изврши притисок врз мониторингот на изборниот процес, во врска со наодите од Извештајот од мониторингот во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата за Локалните избори 2025, од 10 август до 28

септември. Притисокот беше и телефонски и во писмена форма и лично, на состанок одржан во Агенцијата. На телевизијата и беше одговорено писмено, а обидот да му се предочат фактите и на состанокот беше неуспешен поради однесувањето на претставниците на телевизијата. Овој обид за притисок беше пријавен и согласно Процедурата за пријавување обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки бр.03-3884/1 од 20.10.2022 година.

ОБЛАСТ: 1.**ЈАВНИ НАБАВКИ/ ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ**

Подобласт: 1.1. Несоодветно планирање на буџетот/Планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Соодветно планирање на јавните набавки | 1.1.Доставување предлози за потреби од јавни набавки од страна на организационите единици во Агенцијата со цел подготовка на Годишен план за јавни набавки за 2026 година | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | До донесувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, и по потреба во текот на годината | Навремено доставени предлози | Да |
| 2. Донесување на Годишен план за јавни набавки за 2026 година | 2.1. Подготовка на Годишен план за јавни набавки за 2026 година | Сектор за правни работи и јавни набавки Одделение за јавни набавки | До 31.01.2026 година | Објава на Годишниот план за јавни набавки на ЕСЈН и на веб страницата на Агенцијата | Да |
| 3. Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки | 3.1.Реално проценување на вредноста на секој договор за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, имајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можат да се предвидат во моментот на процената | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | При подготовка на Годишниот план за јавни набавки и пред започнување одделна постапка | Спроведени постапки за доделување на договори за јавна набавка во рамките на проценетите средства | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Транспарентно трошење на средствата предвидени за реализација на јавни набавки и контрола во јавните набавки | 4.1.Објавување на постапките за јавни набавки кои се во тек, на завршените постапки за јавни набавки и на договорите за јавни набавки на веб страната на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата<br><br>Сектор за правни работи и јавни набавки, Одделение за јавни набавки | Континуирано | Достапност на информации на веб страницата на Агенцијата | Не |
| | 4.2. Спроведување редовни и вонредни внатрешни контроли | Служба за внатрешна ревизија | Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија | Извештај од ревизија и спроведени препораки (доколку се дадени) | Не |
| 5. Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури за јавни набавки | 5.1.Контрола од страна на внатрешните ИСО проверувачи | ИСО внатрешни проверувачи назначени со Решение бр.03-2688/1 од 01.06.2018 година | Во текот на 2026 година | Наод во Извештај на ИСО | Не |
| | 5.2.Годишна ревизија | Независна ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата | Во текот на 2026 година | Наод во Извештај од ревизорската куќа | Да |
| | 5.3.Периодична внатрешна ревизија | Внатрешен ревизор | Во текот на 2026 година | Извештај од спроведена ревизија | Не |

Подобласт: 1.2. Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Зајакнување на капацитетите и знаењето на вработените во организационите единици во Стручната служба на Агенцијата кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), кои учествуваат во спроведувањето на постапките за јавни набавки како членови на комисии за јавни набавки и кои се вклучени во спроведувањето/реализација на договорите на јавни набавки | Подобрување на капацитетите и знаење во однос на одредбите од Законот за јавните набавки на вработените во организационите единици во Стручната служба на Агенцијата кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), кои учествуваат во спроведувањето на постапките за јавни набавки како членови на комисии за јавни набавки и кои се вклучени во спроведувањето/реализација на договорите на јавни набавки | Сектор за правни работи и јавни набавки<br>Одделение за јавни набавки | Континуирано | Број на спроведени обуки (годишно) | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Спречување влијание врз лицата кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки подготовка (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), и лицата кои се вклучени во спроведувањето/реализација на договорите на јавни набавки | 2.1. Поголема транспарентност на лицата кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), и лицата кои се вклучени во спроведувањето/реализација на договорите на јавни набавки | Сите лица кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), и лицата кои се вклучени во спроведувањето/ реализација на договорите на јавни набавки, согласно Распоредот за постапките за јавни набавки на Агенцијата<br><br>Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Успешно спроведени постапки за доделување договори за јавни набавки | Не |
| | 2.2. Пријавување обид за влијание врз лицата кои го иницираат отпочнувањето на постапките за јавни набавки (изготвување Барање за отпочнување постапки за јавни набавки), и лицата кои се вклучени во спроведувањето/реализација на договорите на јавни набавки (до овластеното | Сите лица кои изготвуваат Барање за отпочнување постапки за јавни набавки согласно Распоредот за постапките за јавни набавки на Агенцијата | Континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата) | | | | |
| 3. Спречување на влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки | 3.1 Пријавување обид за влијание врз членови на комисиите за јавни набавки (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата) | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата | Континуирано | Број на доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |
| | 3.2 Давање изјави за непостоење судир на интереси | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата, директорот и заменик на директорот на Агенцијата | Континуирано | Број на случаи:<br>- кога членовите на Комисиите за јавни набавки дале неточни изјави за постоење судир на интерес и<br>- кога директорот/заменик на директорот дал неточна изјава за постоење судир на интерес | Не |
| | 3.3 Постапување на членовите на комисиите согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата | Континуирано | Доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |

ОБЛАСТ: 2. **ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи, соодветните подзаконски акти и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на Агенцијата | 1.1. Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Доставени одговори и преземени мерки по поднесени пријави | Не |
| | 1.2. Известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | | | | |
| 2. Унапредување на познавањата на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | 2.1. Обука на овластеното лице во Агенцијата за прием на пријави од укажувачи | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Иницијално после назначување и при измени на законска регулатива | Број на одржани обуки, во наведените случаи | Да |

ОБЛАСТ: 3. **ПОСТАПКИ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемување на институционалната транспарентност на | 1.1. Објавување на побараните информации од Законот за слободен пристап до информациите | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Континуирано | Објава на веб страна на Агенцијата – | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Агенцијата како имател на информации | од јавен карактер на веб страната на Агенцијата | | | имател на информации | |
| | 1.2. Објавување податоци за Агенцијата како имател на информации, наведени во член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер – активна транспарентност | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер<br><br>Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Објава на веб страна на Агенцијата – имател на информации | Не |
| | 1.3. Обуки за службеното лице за посредување со информации од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Иницијално после назначување и при измени на законска регулатива | Број на одржани обуки, во наведените случаи | Не |
| | 1.4. Редовно ажурирање во посебениот дел на веб-страната на Агенцијата наменета за „Превенција од корупција“ | Назначени лица за интегритет<br><br>Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Објава и редовно ажурирање на веб страната на Агенцијата – имател на информации | Да |
| 2. Навремено спроведување на постапки за остварување на право на слободен пристап до информации од јавен карактер | 2.1.Прием и постапување по поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Веднаш, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето | Број на одговорени барања за информации од јавен карактер од правни и физички лица | Не |

ОБЛАСТ: 4. **ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Соодветно планирање и реализација на буџетот на Агенцијата | 1.1.Планирање на годишниот буџет согласно реалните потреби | Сите релевантни организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Доставени прилози од секторите и службата за внатрешна ревизија до Секторот за финансиски работи и логистика со цел подготовка на Финансиски план | Да |
| | 1.2.Транспарентност на трошењето на средствата предвидени во Финансискиот план | Сектор за поддршка на работата на Директорот и Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавен Финансиски план на веб страницата на Агенцијата<br><br>Објавен Годишен извештај за работа на Агенцијата на веб страницата на Агенцијата | Не |

ОБЛАСТ: 5. **КАДРОВСКА ПОЛИТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Вработувања базирани на систем на вредности и критериуми за квалитет | 1.1.Вработувања согласно позитивните законски прописи и интерните акти | Комисија за спроведување на оглас за вработување | Континуирано | Извршени интервјуа/тестирања/извештаи на Комисијата за спроведување на огласот за вработување | Не |
| 2.Транспарентност на процесот на вработување | 2.1.Зголемување на достапноста и јавноста на огласите за вработување | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавени огласи за вработување во дневни весници и на веб страницата на Агенцијата | Да |
| 3.Доследно почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | 3.1.Едукација на вработените за зголемување на интегритетот и професионалноста во работењето, со посебен акцент на новвработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | Континуирано | Дистрибуција на важечките интерни акти, кодекси прописи до сите вработени и по потреба специјализиран и обуки | Не |
| | 3.2. Потпишување писмена согласност за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс на Агенцијата | Назначени лица за интегритет<br><br>Ново вработени лица во Агенцијата | Во текот на 2026 година | Потпишани изјави за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс на Агенцијата од страна на сите | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вработени во Агенцијата | |
| ОБЛАСТ: 6. **СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР** | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки | 1.1. Доследно спроведување на ИСО процедурите за вршење надзор | Сите организациони единици кои вршат надзор | Континуирано | Почитување на процедурите за надзор и нивоата на проверка на извештаите | Не |
| | | Служба за внатрешна ревизија | Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија | Извештај од спроведената ревизија | |
| | 1.2. Одговорно и доследно постапување при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови | Сите организациони единици во Стручната служба и органите на Агенцијата | Континуирано | Континуирана достапност на снимки, наоди од извештаи од внатрешни ИСО проверувачи, наоди од внатрешна ревизија, извештаи на релевантни домашни и меѓународни организации | Не |
| 2. Пријавување на сите обиди за влијание или притисок при надзорот и изрекувањето мерки | 2.1. Користење на Процедурата за пријавување обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки во | Сите организациони единици кои вршат надзор | Континуирано | Ефекти и резултати од практичното спроведување на донесената | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | случај на обид за притисок или влијание | | | Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки | |

Преку овие механизми се обезбедува ефикасен процес на следење и мониторинг, се овозможува детектирање на недостатоци, доколку ги има, и дополнително се минимизира потенцијалот за појава на судир на интереси и се обезбедува работење во кое се отсликува професионализам и интегритет.

Годишниот план за спречување на корупцијата за 2026 година ќе биде доставен до сите организациони единици во Агенцијата, со цел вработените во стручната служба на Агенцијата да се запознаат со целите и механизмите за справување со корупција и нивните обврски во иднина, и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата.

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

______________________
д-р Зоран Трајчевски